Врз основа на член 50, став 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002) а во врска со Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на спортот во 2022 година бр. 08-2039/1 од 17.12.2021 година и Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2022 бр.08-2000/1 од 15.12.2021 година („Сл.гласник на Општина Чешиново-Облешево“ бр.17/2021), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево на ден 24.01.2022 година објавува:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 02-154/1
24.01. 22 год.
ОБЛЕШЕВО

# **ЈАВЕН ПОВИК**

## **за прибирање барања за користење средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2022 година за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и спортски клубови**

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2022 година за финансирање проекти на здруженија на граѓани и спортски клубови од локален интерес, ќе се врши врз основа на овој Јавен повик, за следните области: згрижување на децата, спорт, млади, земјоделие, образование, фолклор, екологија, култура, здравство, граѓанско општество, демократија и социјално-хуманитарна работа.

**1. Учество**

На повикот може да учествуваат здруженија на граѓани и спортски клубови чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево. Здруженијата и спортските клубови треба да понудат креативни и иновативни проекти кои можат да се имплементираат во Општина Чешиново-Облешево, согласно Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на спортот во 2022 година, како и Програмата за финансирање проекти и програмски активности на здруженија на граѓани за 2022 година (Сл.гласник на Општина Чешиново-Облешево бр.17/2021).

**2. Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и спортските клубови кои ќе учествуваат на овој повик се:

- да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации, со седиште во Општина Чешиново-Облешево;
- да се занимаваат со активности од јавен интерес.

**3. Потребна документација**

Здруженијата на граѓани кои ќе учествуваат на Јавниот повик треба да достават:

- Пријава за финансиска поддршка на здруженија на граѓани;
- Проектна пријава на здруженија на граѓани (опис на проектот кој барат да биде финансиран од Буџетот на општина Чешиново-Облешево);
- Копија од статутот и решението за регистрација на здружението;

Спортските клубови, покрај горенаведената документација, потребно е да достават и копија од решението за дејност спорт и потврда од соодветната федерација за степенот на натпреварување на клубот .

Пријавата за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и спортски клубови и Проектната пријава на здруженија на граѓани и спортски клубови може да се симнат од веб страната на општината или да се подигнат во арихивата на Општина Чешиново-Облешево.

**НАПОМЕНА: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

**Пријавите на Здруженијата на граѓани кои во минатите 2 (две) години имаат користено средства од Буџетот на општината а за кои немаат доставено Извештај за реализиран проект нема да бидат разгледувани.**

**4. Рок и начин на пријавување**

Пријавите треба да се достават до Општина Чешиново-Облешево по пошта на адреса: Општина Чешиново-Облешево, ул."Маршал Тито" бб,с.Облешево" или во архивата на Општина Чешиново-Облешево од 08:00 до 16:00. Рокот за поднесување на пријавите е заклучно со 07.02.2022 година.

Здруженијата и Спортските клубови кои добиле средства за проектите од Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2022 година, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на Одлуката за распределба на средствата во Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изготвил: